# УПАТСТВО ЗА АВТОРИ

Почитувани,

На Конференцијата ќе бидат презентирани оригинални научни трудови, кратки научни соопштенија, стручни трудови, прегледни трудови, прикази на случаи, извештаи и известувања, кои не се публикувани или изложени на други конференции. Еден автор може да пријави најмногу два научно-стручни трудови од кои само на еден труд може да биде прв автор.

**За учество на конференцијата со Ваше излагање потрено е да ги направите следниве активности :**

● **Да пријавите апстракт на трудот најкасно до 10.09.2024 година, во рамки на објавените подрачја и теми.** Апстрактот на трудот кој се пријавува задолжително треба да биде напишан на македонски и англиски јазик и да ги содржи следните елементи:

- Наслов на трудот; име/имиња на авторите и институцијата/институциите во кои работат; кратка содржина; клучни зборови (од 6 до 8); во фуснота да се наведе e-mail адреса за коресподенција.
- За оригинални научни и стручни трудови апстрактот треба да ја има следната содржина: Вовед; Предмет/проблем на истражување; Методологија; Резултати; Заклучок.
- За научни соопштенија, извештаи и известувања апстрактот треба да ја има следната содржина: вовед, предмет и цели на известувањето, заклучок

Апстрактот на трудот мора да биде форматиран по следните правила:

- Обем на апстрактот: до 300 зборови (не вклучувајќи го насловот, името/имињата на авторите, институциите во кои работат и клучните зборови).
- Формат: Б5
- Маргини: лева и горна 2,5см а десна и долна- 2,0 см.
- Фонт: Times New Roman, македонска поддршка.
- Големина на буквите:
    - наслов: 14pt, **bold.**
    - Имиња на авторите и институции во кој работат: 10pt
    - текст: 11pt, *italic***.**
    - Клучни зборови (од 6 до 8) : 12pt, regular

**●Најдоцна до 15.09.2024 година ќе добиете известување за прифаќање на апстрактот, по кое имате можност да го подготвите трудот и да го предадете најдоцна до 30.09.2024 година. Доставувањето на трудови не е задолжително.**

Трудовите пратени за објавување, треба да бидат пишувани на *македонски или англиски јазик.*

Трудот кој одговара на техничките услови ќе биде даден на рецензија. *Трудовите не треба да бидат подолги од 10 страници* (за оригиналните научни трудови), 5 страници (за прелиминарни научни известувања и стручни трудови), и 2 страници (извештаи).

<u>Во припрема на трудовите придржувајте се на следниве упатства:</u>

а) трудовите мораат да бидат пишувани со проред 1,0 (Times New Roman, македонска подршка, 11pt), **формат B5, со 2,5 cm слободен раб на лева и горна страна; и 2,0 cm слободен раб на долен и десен раб.**

b) сите скратеници претходно мораат да бидат напишани со полн назив
c) цитирањето на литературата се врши по Харвардскиот систем
Во трудовите задолжително да се користи меѓународниот систем на мерки (SI) и стандардни меѓународно прифатени термини.

**Табели и слики**

Слики, табели и останати графички целини по ширина не смеат да ги поминуваат маргините, а по должина не смеат да бидат подолги од една страница. Табелите и сликите се нумерираат со арапски броеви (бројот и насловот се пишуваат над табелата, а под сликата на македонски или на англиски јазик; се примаат само црно бели слики со резолуција 300 dpi и повеќе.

**Припрема на трудовите**

Деловите на трудот се: **насловна страна, апстракт со клучни зборови, текст и литература.**

***1. Насловна страна***

а) Наслов (на англиски и македонски) треба да биде краток, јасен и информативен и да одговара на содржината на трудот (Times New Roman, 14pt, Caps Lock, централно порамнување).
б) Се испишуваат полни имиња и презимиња на сите автори (Times New Roman, 12pt, централно порамнување)
в) Се наведуваат полни називи на установите и организациските единици во кои работат авторите и местата во кои се наоѓаат установите (означено со супскрипт, Times New Roman, 10pt, централно порамнување).

***2. Апстракт и клучни зборови*** (Times New Roman, 10pt, обострано порамнување).За оригинални научни и стручни трудови на втората страна се наоѓа структуриран апстракт со наслов на трудот. На македонски и/или англиски јазик (**250** зборови) се изнесува **воведот и целта** на трудот, **методи, резултати** (конкретни податоци и нивна статистичка значајност) и **заклучок.** Под апстрактот, под поднасловот„Клучни зборови“ треба да се предложат 3-6 клучни зборови или изрази кои ја отсликуваат содржината на трудот.

***3. Текст на трудот*** (Times New Roman, 11pt, обострано порамнување)

Текстот ги содржи следните поглавја: **Вовед, Методи, Резултати и дискусија, и Заклучок.** Накратко да се изнесат причините за студијата или набљудувањето. Да се наведат само релевантни податоци од литературата и да не се изнесуваат опширни разгледувања за предметот на трудот, како ни податоци или заклучоци од трудот за кој се известува. Да се наведе хипотезата (доколку ја има) и целите на трудот. Јасно да се опише изборот на **методи** на набљудување или експериментални методи. Да се идентификуваат методите, да се наведат податоци од литературата за избраните методи, вклучително и статистичките.

**Резултатите** да се наведат по логички редослед во текстот, табелите и илустрациите. Во текстот да се нагласат или сумираат само значајни забележувања.. Во **дискусијата** да се нагласат нови и значајни аспекти на студијата и изведените заклучоци. Набљудувањата да се поврзат со други релевантни студии. Да се поврзат заклучоците со целите на трудот, но да се избегнуваат тврдењата и оние заклучоци кои податоците од трудот не ги подржуваат во потполност.

***4. Литература***-Литературата се цитира по Харвардски систем на цитирање. Со Харвардскиот систем се пропишува наведување на презимињата на авторите и годината на публикацијата (на пр. Smith, 2007) во самиот текст. Презимето и годината треба да се

во заграда доколку презимето не претставува дел од реченицата. Ако постојат два автора потребно е да се напишат двете презимиња (без иницијали) и година (на пр. Smith and Mauri, 2007). Ако има повеќе се пишува само презимето на првиот автор и се додава «и др» (и други) за домашна литература или «et al» (и други) за литература на англиски јазик. При цитирање на две или повеќе референци на ист автор од иста година, на првото цитирано место во текстот, покрај годината на публикување, се додава «a», потоа «b», итн. Во списокот на странска литература треба да се наведат сите автори, ако се 6 и помалку, со додавање на наведените букви зад годината. Во конечниот список на литература, редоследот на референци се наведува по абецеден редослед, према презимето на првиот автор.

5. ***Табели***

Сите табели се печатат со единечен проред, Times New Roman, 10pt. Се означуваат со арапски броеви, по редослед на појавување, во десниот агол (Табела 1.), а на секоја се дава краток наслов на македонски или на англиски јазик. Секоја табела мора да се спомене во текстот. Ако се користат туѓи податоци, задолжително да се наведат како и секој друг податок од литературата.

***6. Слики***

Слики се сите облици на графички прилози. Легендите за сликата се пишуваат под сликата, користејќи арапски броеви. Доколку се користат симболи, стрелки, бројки или букви за објаснување на одреден дел на сликата, секој поединечно треба да се објасни во легендата.

***7. Скратеници и симболи***

Да се користат само стандардни скратеници. Скратеници во насловот и апстрактот треба да се избегнуваат. Полн назив со скратеница во заграда треба да се даде кај првото спомнување на поимот во текстот.

***8. Етика***

При известување за хумани експерименти, треба да се назначи дали овие процедури биле во склад со етичките стандарди (институционални или регионални).Да не се користат имиња на пациенти, иницијали или болнички броеви.

***9. Референци (Times New Roman, 10pt, обострано порамнување)***

Литерарните референци треба да се пишуваат во склад со Харвардските правила, на начин на кој следи: презиме, иницијал на името, име (на сите автори), точка, име на трудот, точка, име на списанието, година на публикација, точка запирка(;), волумен, заграда со број на списанието, две точки (:), број на првата и последната страна на трудот, точка.

**Примери на наведување на референци:**

*а) За книга се потребни следните елементи:*

Презимиња, иницијал (и) од имиња на автори раздвоени со запирка со употреба на сврзникот ‘’и’’ пред наведување на последниот автор. (година на издавање). Наслов на книгата. Издание (издание се наведува само во случај кога не се работи за прво издание пр. 4. изд. или 3rd ed.). Место на издавање на книгата (треба да биде наведен градот, а не државата): Издавач.

Пример: Vantić-Tanjić, M. i Nikolić, M. (2010). Inkluzivna praksa – od segregacije do inkluzije. Tuzla: OFF-SET.

*b) За глави од едитирани книги потребни се следните елементи:*
Презиме(иња), иницијал(и) од имиња на авторите на главите од едитираната книга. (година на објавата на главата). Наслов на главата зад кој следи: Иницијал(и) на уредникот и презиме со ed. ili eds. По последното име. (година на издавање). Име на книгата. Место на издавање на книгата: Издавач. Број на првата и последната страна на главата по кој следи точка.
Пример: Samon, C. (1970). Problems of information studies in history. In: S. Stone, ed. 1980. Humanities information research. Sheffield: CRUS, str. 44-68.
*c) За труд објавен во научно списание потребни се следните елементи:*
Презиме, иницијал(и) од име на авторот. (година на објавување). Име на трудот. Полн назив на списанието. Волумен (број/име на изданието), број на страната.
Пример: Huremović, A. i Iličković, M. (2007). Sposobnosti organizacije leksičkih znanja u osoba oštećenog sluha. Defektologija. 13 (2), str. 169-177.
*d) За дипломска работа, магистарски труд и дисертации се наведуваат следните податоци:*
Презиме, иницијал(и) од име на авторот. (година на објавувањето). Наслов на трудот. Вид на трудот, Место на издавање: Факултет, Универзитет.
Пример: Mrkonjić, Z. (2009). Povezanost verbalne komunikacije sa kvalitetom života u osoba sa afazijom. Doktorska disertacija, Tuzla: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet, Univerzitet u Tuzli.
*e) Кога се наведуваат извори превземени од веб страници, се наведува потполната ве страница од која е превземен материјалот, и тоа на следниот начин:*
Автор или извор (година на објавување). Наслов на документот или веб страницата. [вид на медиумот] Достапно на: веб адреса [датум на пристапување на содржината]. Доколку URL е предолг, потребно е да се наведат детаљи кои ќе му овозможат на читателот да пристапи до материјалот преку централна веб страница (т.е. homepage).
Пример: Ministarstvo civilnih poslova BiH (2009). Strategija razvoja nauke u Bosni i Hercegovini 2010.–2015. [Internet] Dostupno na: http://www.mcp.gov.ba/zakoni_akti/ /Archive.aspx?template_id=19&pageIndex=1 [pristupljeno 12. maj 2010].

10.***Благодарност***

Во apendix е дозволено да се наведе благодарност за:
a) оддел
b) техничка помош
c) финансиска и материјална помош
Да се наведат финансиски релации кои би можеле да бидат причина за конфликт на интереси.

**Трудовите кои не се припремени по упатствата ќе се враќаат на авторите за доработка.**

**До 15.09.2024 година треба да имате уплатено котизација за да учествувате на конференцијата со излагање.**